НУ Завод за заштита на спомениците на културата и Музеј - Прилеп

ул. „Александар Македонски", бр. 400, 7500 Прилеп, Република Северна Македонија
тел.+389(0)48 401 090 моб.+389 70 208 315 е-маил: muzejprilep@yahoo.com www.muzejprilep.org.mk

Република Северна Македонија
НАЦИОНАЛНА УСТАНОВА
ЗАВОД ЗА ЗАШТИТА НА СПОМЕНИЦИТЕ
НА КУЛТУРАТА И МУЗЕЈ ПРИЛЕП
Бр 04-216/19
1. 07 2025 год.
ПРИЛЕП

Врз основа на член 12 од Статутот на НУ Завод за заштита на спомениците на културата и Музеј - Прилеп и член 77-ж од Законот за култура („Сл. весник на РМ" бр. 31/98, 49/03, 82/05, 24/07, 116/10, 47/11, 51/11, 136/12, 23/13, 187/13, 44/14, 61/15, 154/15, 39/16 и 11/18), а согласно со измената и дополнувањето на годишниот план за вработување на Установата за 2025 г., бр 03-32/1 од 17.01.2025 година, директорот на НУ Завод за заштита на спомениците на културата и Музеј - Прилеп, на ден 01.07.2025 година донесе

О Д Л У К А
за избор на кандидат по распишаниот јавен оглас бр. 04-216/2 од 28.05.2025 година

За вработување на 1 (едно) лице на неопределено време на работно место - **КУЛ 03 04 Д03 004 Документатор**, за кој е предвидено ниво на квалификациите VI А според Македонската рамка на квалификации и најмалку 240 кредити стекнати според ЕКТС или завршен VII/1 степен- Високо –Хуманистички науки и уметности – Историја и археологија, Други хуманистички науки (етнологија и етногенеза) **се избира кандидатот Здравко Трајкоски.**
Именуваниот кандидат ќе биде вработен по конечноста на оваа Одлука, а за што ќе се донесе посебно Решение.
Оваа Одлука се објавува на веб страницата и огласната табла во НУ Завод и Музеј-Прилеп.
Одлуката стапува на сила со денот на донесувањето.

О б р а з л о ж е н и е

Врз основа на јавен оглас бр.04-216/2 од 28.05.2025 година објавен на ден 29.05.2025 година во дневните весници: „Нова Македонија", „Вечер" и „Коха", како и на веб страната на НУ Завод и Музеј-Прилеп, Комисијата за селекција за вработување по јавен оглас, спроведе постапка за вработување на работно место КУЛ 03 04 Д03 004 Документатор.

Комисијата за селекција за вработување спроведе административна селекција, спроведе проверка на веродостојност на докази и интервју.

Врз основа на резултатите од сите фази на селекција до директорот на НУ Завод за заштита на спомениците на културата и Музеј - Прилеп беше доставен Предлог за вработување на кандидат по јавниот оглас.
Врз основа на горенаведеното директорот на НУ Завод за заштита на спомениците на културата и Музеј - Прилеп, изврши избор како во диспозитивот на оваа Одлука.

Правна поука:

Против Одлуката незадоволниот кандидат има право во рок од 8 (осум) дена да поднесе жалба до Управниот одбор на НУ Завод за заштита на спомениците на културата и Музеј - Прилеп.

Доставено до:

- Здравко Трајкоски
- кандидати
- архива

директор
на НУ Завод и Музеј - Прилеп

Мимоза Христоска